Бруто добивката за 2011 година бележи пад од 7% односно 27,437,896 денари што се должи главно на намалената продажба на производи на странските пазари. Ефектот од намалената продажба е резултат главно од намалувањето во продажбата на сегментот на флаширани вина. Нето приходите од продажба бележат пад од 5% односно 52,101,758 денари.

Намалувањето кај оперативната добивка е директен резултат на намалената бруто добивка. Намалувањата кај расходната страна генерално го следат трендот на намалените приходи со некои исклучоци како на пример трошоците за маркетинг и пропаганда. Значителен успех кај расходите е поефикасното оперативно работење во делот на залихите односно нивното намалување во однос на 2010 година.

Намалениот профит пред оданочување е резултат на намалената оперативна добивка од 26% и расходите од финансирање чие намалување од 11 % не го следи трендот на оперативната добивка.

Како резултат на горе наведеното, се забележува значително намалување на нето добивката за 18,329,027 денари што е резултат на забележителното намалување во профитот пред оданочување од 85%.